РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.013.03

# УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

Октомври, 2020

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 29.03.2013 | Прво издание | / | / |
| 02 | 27.08.2013 | Второ издание | Изменето | Точки 1, 2, 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10,12, 13, 14, 16, 18, 24 и 27 изменета нумерација од точка 5 до 28 |
| | | | Дополнето | Точки 5 , 6 и 7 |
| | | | Избришано | Точки 11, 17 |
| 03 | | Трето издание | Дополнети | Преамбула, Точка 22 |
| | | | Изменети | Точка 4, 5, 6, 7, 8, 10, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 21, 22, 23, 28, 29<br>Изменета нумерација од точка 5 до точка 29 |
| | | | Избришана | Точка 5 и 8 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за царинска управа ("Сл.весник на РМ" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 151/17, 120/18 и 248/18), директорот на Царинската управа донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИМЕНА НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката за примена на Царинската тарифа во моментот на царинење, како и надлежностите и одговорноста на организационите единици и царинските службеници вклучени во постапката.

2. При спроведување на постапката од точка 1 на ова Упатство се применуваат одредбите од Законот за Царинска тарифа[1], Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за тековната година[2], Царинскиот закон[3], Уредбата за спроведување на Царинскиот закон[4].

3. Со правилна примена на Царинската тарифа се обезбедува точно утврдување на тарифните броеви, тарифните подброеви и тарифни ознаки, а со цел да се обезбеди:
   - правилна пресметка и наплата на царинските давачки,
   - правилна пресметка и наплата на другите давачки (ДДВ и акциза),
   - правилна примена на мерките на трговската политика,
   - точност на статистичките податоци итн.

4. Секторот за царински систем - Одделението за царинска тарифа, вредност и потекло на стока - Служба за царинска тарифа (во натамошниот текст: Служба) со цел правилна и еднообразна примена на Царинската тарифа на целата територија на Република Северна Македонија е должна меѓусебната комуникација со останатите организациони единици на Царинската управа да ја

1Законот за Царинска тарифа со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

2Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифасекоја година се објавува на интернет страната на ЦУ во делот „Царинска регулатива – Закон за Царинска тарифа – Подзаконски прописи".

3Царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

4Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

вршат на начин и постапка определени со одредбите на Прирачникот[5] за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС[6].

## II. Начин на проверка на царинската декларација од аспект на тарифно распоредување

5. Во процесот на царинење, кога преку Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст: СОЦДАД), царинската декларација, како што е пропишано во Упатството за спроведување на постапка за увозно царинење[7] е селектирана само за преглед на документи, царинскиот службеник кој ја врши документарната контрола е должен да изврши проверка на точноста на распоредувањето на стоката според Царинската тарифа врз основа на наведените податоци во царинската декалрација и приложените документи кон неа. При проверката царинскиот службеник е должен да провери дали во царинската декларација, во рубрика 31 (во делот за опис на стоката) се внесени следниве податоци:

– вообичаениот трговски назив на стоката со краток опис, во кој не треба да се цитира наименуванието на тарифната ознака. Вообичаен трговски назив на стоката подразбира да се наведе видот на стоката на вообичаен начин од секојдневниот говор (а не со јазикот на номенклатурата), но доволно прецизно веднаш да даде јасна слика за видот на стоката. При тоа треба да се избегнуваат општи поими и истите да се заменат со конкретни прецизни поими, на пример:
    - прехрамбен производ → чоколади, бисквити, јаболки, џем од кајсии, замрзнат грашок, овошен чај, бело вино...,
    - облека → машки кошули, женски панталони, кожни ракавици, машки капут...,
    - обувки → женски чевли, женски сандали, машки чизми, детски патики...,
    - трпезни садови → шолји, чинии, ножеви, чинии за овошје, соларник...,
    - делови на машини → шумпи, куќишта, лежишта...,

5 Прирачникот за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавен во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинска управа.

6 ЕДМС - електронски систем за управување со документи на ЦУ.

7 Упатството за царинење на стока со царинска декларација поднесена со употреба на техника за електронска обработка на податоци како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

- делови за автомобили → кочници, амортизери, браници, ветробрански стакла...,

Во овие примери е очигледно дека видот на стоката треба да се наведе што појасно и попрецизно и да не се раководи согласно називите од номенклатурата.

- податоци потребни за распоредување на сите нивоа на расчленување во рамки на тарифниот број и подброј, и тоа оние кои се однесуваат на конкретниот производ, а не податоците наведени во опсегот на наименуванието на тарифниот број, на пример:
  - кај алуминиумската фолија еден од критериумите за распоредување е „дебелина 0,007мм или поголема, но помала од 0,021мм" и „друго" и затоа во описот треба да се наведе конкретната дебелина на фолијата што се распоредува (0,005мм, 0,007 мм) а не опсегот на димензии даден во наименуванието,
  - бидејќи критериум за распоредување во рамки на тарифен врој 4202 е видот на производот и материјалот од кој е изработен, во називот треба да се наведе на пример рачни торби од пластична маса, торба за фотографски апарат од текстилен материјал, патни торби од текстилен материјал (а не само торби), кожен новчаник, ранец од текстилен материјал...,
  - бидејќи критериум за распоредување во текстилниот оддел речиси секогаш е видот на метријалот од кој е изработен производот, овој податок задолжително треба да биде наведен веднаш по вообичаениот трговски назив на производот, на пример од памук, од синтетички влакна...,
  - кога како критериум за распоредување е големината на пакувањето, во описот на стоката треба да се наведат податоците за конкретниот производ што се увезува (35g, 0,75l), а не опсегот наведен во наименуванието (на пример во пакување од нето маса не поголема од 85g (за бисквити) или во садови со волумен од 2 литри или помали (за вино),
  - кога критериум за распоредување е процент на млечни маснотии, процент на алкохол, маса во метри кубни, итн., во описот на стоката треба да се наведе податокот за конкретниот производ што се увезува  (на пример 3,2%, м.м, 11,5% алк, 7,5 g/m$^2$), а не опсегот наведен во номенклатурата (на пример масен удел на маснотии поголем од 1% но не поголем од 6% (за млеко), или волуменски удел на реален алкохол не поголем од 13% (за вино) или маса не поголема од 200 g/m$^2$ (за ткаенини),

- при увоз на возила во рубрика 31 задолжително треба да се пополнат сите податоци за возилото како што е пропишано со Насоката за пополнување на податоци за опис на стока во ЕЦД за увоз на возила[8],

– сите приложени потребни документи во кои се содржани податоците за идентификација и тарифното распоредување на стоката, како на пример: фактура во која трговскиот назив на стоката треба да е ист со називот во рубрика 31 на царинската декларација, анализен сертификат за утврдување на составот на стоката, опис на технолошкиот процес (доколку е потребно, во зависност од тарифниот број) техничка спецификација, проспекти, каталози, скици, цртежи итн.

6. Ако податоците наведени во царинската декларација и приложените документи не се доволни да се утврдат сите карактеристики на стоката потребни за проверка на декларираната тарифна ознака, царинскиот службеник во зависност од видот на стоката треба да побара дополнителни документи, наведени во точка 5 на ова Упатство, а може да изврши и физички преглед на стоката.

7. Доколку во постапката на царинење преку СОЦДАД, царинската декларација, како што е пропишано во Упатството за спроведување на постапка за увозно царинење е селектирана за физички преглед на стоката, царинскиот службеник е должен да изврши органолептички преглед на стоката и да направи споредба на податоците наведени во царинската декларација и придружните документи со фактичката состојба на стоката, во поглед на:
   - трговскиот назив,
   - составот,
   - видот, типот, моделот,
   - каталошкиот број и други карактеристики на стоката.

8. Кога тарифното распоредување зависи од составот на стоката, како што е случај со прехранбени производи, органски и неоргански соединенија, пластични маси, бои, текстилни производи и сл., царинскиот службеник е должен да ја провери декларацијата која е залепена на амбалажатана производите, а која вообичаено ги содржи најважните податоци за составот на стоката и да ги спореди со

8 Насоката за пополнување на податоци за опис на стока во ЕЦД за увоз на возила како интерен документ е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа.

анализниот сертификат од производителот или техничката спецификација со прецизно наведен хемиски состав и физичко-хемиските својства.

9. Кога се царини техничка стока: машини, опрема, уреди, апарати, царинскиот службеник со прегледот на стоката е должен да ја идентификува истата: вид, тип, каталошки број, трговски назив и да ги спореди податоците со податоците во фактурата, техничката документација, каталозите, проспектите и др.

   Во случај на расклопена односно несоставена машина, царинскиот службеник е должен да утврди дали сите компоненти (составни делови) кои при прегледот се ставени на увид формираат една целина, т.е. машина, апарат од Глава 84, Глава 85 или Глава 90, согласно приложената спецификација на компоненти (составни делови), делови и скици.

10. Доколку царинскиот службеник утврди дека стоката наведена во царинската декларација не е правилно распоредена, тој е должен да изготви Записник за наод од извршена контрола, на образец како што е пропишано во Упатството за спроведување на постапка за увозно царинење (во натамошниот текст: Записник).

    При пополнување на Записникот, царинскиот службеник задолжително мора да ја наведе законската основа врз основа на која е извршено распоредувањето на стоката. Како законска основа треба да бидат наведени:
    - Основните правила што се применети за распоредување на стоката (овој податок е задолжителен за пополнување), при што правилата треба да се применуваат редоследно, односно ако не може да се примени Основното правило 1, се применува Основното правило 2, итн, а кога стоката се распоредува на десетоцифрена тарифна ознака се применува и основното правило 6,
    - Забелешки кон Одделите, Главите или тарифните броеви и тарифните подброеви на Царинската тарифа, што се применети,
    - Коментарот на Хармонизираниот систем (ХС) за соодветниот тарифен број или општите одредби на соодветната Глава од Царинската тарифа.

11. Доколку декларантот/застапник поднесе приговор во законскиот рок од денот од приемот на Записникот царинската испостава постапува како што е пропишано делот Постапување по издавање на записникот од Упатството за спроведување на постапка за увозно царинење.

## III. Единечни мерки за декларирање на количината на стоката согласно Царинската тарифа

12.Нето маса претставува чиста маса на стоката без било какво пакување. Податокот за нето маса на стоката изразен во „кг" е деклариран во рубрика 38 од царинската декларација. Точноста на овој податок е од голема важност, со цел правилна примена на прописите поврзани со нето маса на стоката (пуштање во слободен промет, внатрешно производство, утврдување на вредност на стоките и точните давачки).

13.Бруто маса претставува вкупна маса на стоката заедно со нејзиното пакување, исклучувајќи ги контејнерите или друг вид на транспортна опрема.

14.Дополнителна единица мерка претставува единица мерка пропишана со Законот за царинска тарифа и е дел од колона 4 од Царинската тарифа. Дополнителната единица мерка е пропишана само за одредени стоки од Царинската тарифа, а нивната количина се внесува во рубрика 41 од царинската декларација и е потребна заради декларирање на стоките или пресметка на одредени давачки, на пример:

- 0102 29 41 (говеда) → p/st (парче)
- 2204 21 92 (вино) → l (литар)
- 2804 40 00 (кислород) → $m^3$ (кубен метар)
- 4107 11 11 (телешка кожа) → $m^2$ (квадратен метар)
- 6404 11 00 (обувки) → pa (пар)
- 8450 11 90 (машини за перење алишта) → p/st (парче)
- 9004 10 91 (очила) → p/st (парче)

## IV. Применување на Царинската тарифа за пресметка на царинските давачки

15.Врз основа на правилно утврдената тарифна ознака за предметната стока, царинскиот службеник ги утврдува следниве податоци:

- царински стапки што се определени во колоната 3 од Царинската тарифа,
- преференцијални царински стапки,
- автономни царински стапки,
- единечни мерки.

Кога во колоната 3 на Царинската тарифа стои ознаката „мах", тогаш царинскиот службеник при царинење на стока ја применува„мах" стапката само во случај кога збирот на пресметаниот износ на давачка по вредност и пресметаниот износ на давачката по единечна мерка е поголем од пресметаниот износ со примена на процентуалната "мах" стапка.

16.Царинскиот службеник применува автономни царински давачки за стока за која Владата на Република Северна Македонија донела одлука со која времено ги укинала царинските давачки утврдени во колона 3 од Царинската тарифа, но при тоа треба да утврди дали стоката која се царини со своите карактеристики одговара на стоката за која се воведени автономните мерки.

17.Царинскиот службеник при царинење на стока е должен да ја проверува и точноста на единечните мерки за стоката што се царини согласно Царинската тарифа каде што се пропишани.

18.Со Царинската тарифа е пропишана определена стока за која е предвиден „Повластен тарифен третман заради видот (природата) или крајна употреба на стоката".

Ослободување од плаќање на царински давачки, согласно Посебните правила од Царинската тарифа е пропишан за цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови.

За стоките од став 1 и 2 од оваа точка, царинскиот службеник е должен да постапи согласно Упатството за повластен тарифен третман за стока заради нејзината крајна употреба[9].

## V. Применување на други подзаконски акти, насоки и бази на податоци за распоредување на стоката според Царинската тарифа

19.За правилно и еднообразно распоредување на стоката царинскиот службеник покрај оние наведени во точка 2 на ова Упатство е должен да применува:

- Коментарите на Хармонизираниот систем[10], во кои се содржани објаснувања за опфатот на секој тарифен број, наведувајќи ги главните производи кои се вклучуваат/исклучуваат во/од тарифниот број, техничкиот опис на стоката

9 Упатство за повластен тарифен третман за стока заради нејзината крајна употреба како интерен документ е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

10 Коментарите на Хармонизираниот систем, последната важечка верзија, се доставени во хартиена форма во сите Царинарници

(изгледот, карактеристиките, методите на производство и употреба) како и практично упатство за нивна идентификација;
- Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура[11];
- Задолжителните тарифни информации, издадени од страна на Царинската управа[12];
- донесените упатства и насоки[13] за распоредување на стоките според Царинската тарифа.

20.Дополнителни расположиви бази на податоци кои може да ги користицаринскиот службеник при распоредувањето на стоката се:
- Задолжителни тарифни информации на ЕУ[14];
- Збирна електронска база на издадени задолжителни тарифни информации издадени од страна на ЦЕФТА договорните страни[15];
- Листа на околу 35.400 хемиски имиња[16] (околу 28.600 хемиски супстанци) за кои може да се добие информација за нивно распоредување во Комбинираната номенклатура на ЕЗ;
- База на подаци за распоредување на стоките од интернет страницата на САД[17].

11 Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура со сите измени и дополнувања е објавена на интернет страната на Царинската управа во делот „За нас - Царинска регулатива - Закон за царинска тарифа - Уредби" и истите се внесени во единствен список објавен во делот „Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Царинска тарифа".

12 Задолжителните тарифни информации се објавени на интернет страната на Царинската управа во делот „Бизнис заедница - Тарифа, вредност и потекло - Царинска тарифа - Задолжителна тарифна информација".

13 Сите упатства и насоки за распоредување на стоките според Царинската тарифа како интерни документи се објавени во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа и по потреба и на интернет страната на Царинската управа во делот „Бизнис заедница - Тарифа, вредност и потекло - Царинска тарифа".

14 Пребарување на сите издадени задолжителни тарифни информации од земјите членки на ЕЗ може да се врши преку интернет страната на Царинската управа во делот „Бизнис заедница - Тарифа, вредност и потекло - Царинска тарифа – Корисни линкови - Задолжителни тарифни информации на ЕУ (BTI)".

15 Пребарување на сите издадени задолжителни тарифни информации од ЦЕФТА договорните страни може да се врши преку интернет страната на Царинската управа во делот „Бизнис заедница - Тарифа, вредност и потекло - Царинска тарифа – Задолжителна тарифна информација".

16 Пребарување по CAS, CUS број, како и по тарифна ознака на 8 цифри може да се врши преку интернет страната на Царинската управа во делот „Бизнис заедница - Тарифа, вредност и потекло - Царинска тарифа – Корисни линкови - Водич за распоредување на хемикалии во Комбинираната номенклатура (European Customs Inventory of Chemical Substances)".

17 Пребарување бо базата на САД само на 6 цифрено расчленување може да се врши преку интернет страната на Царинската управа во делот „Бизнис заедница - Тарифа, вредност и потекло - Царинска тарифа – Корисни линкови - CROSS Customs Rulings Online Search System".

## VI. Завршни одредби

21. Надлежни за постапување по ова Упатство се царинските службеници од царинските испостави за увоз, Сектор за контрола и истраги, Сектор за професионлна одговорнодт, Сектор за правни работи, Секторот за царински систем и Сектор за информатичка и компјутерска технологија (СИКТ).

22. Секторот за царински систем е надлежен за измени и дополнување наова Упатство.

23. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии е должен да обезбеди објавување на донесеното Упатство на интранет страната на Царинска управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

24. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

25. Секое постапување спротивно на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

26. Со влегување во сила на ова Упатство престанува да важи 01.30.32.УП.013.02 Упатство за примена на Царинската тарифа во царинската постапка, број 01-014010/13-0002 од 27.08.2013 година.

27. Ова упатство стапува во сила на 01.11.2020 година.

Директор,
м-р Ѓоко Танасоски

Бр. 01-014010/13-0003
Скопје, 20.10.2020 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT · MINISTRIA E FINANCAVE · DREJTORIA E DOGANAVE · РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ · ЦАРИНСКА УПРАВА · СКОПЈЕ - SHUP

28. 10. 2020

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за царински систем<br>Архива |